Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), од Имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

**ПРЕДМЕТ:**

***Информации и службена документација во врска со правниот статус, преземените дејствија и спроведувањето на Одлуката на Советот на Општина Демир Хисар бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година за промена на имиња на улици во Општина Демир Хисар***

Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на 31.10.2014 година, ја донел Одлуката бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година за промена на имиња на улици во Општина Демир Хисар.

Со член 1 и член 2 од Одлуката е утврдена промена на имињата на следните улици:

- улицата „4-ти Јули" се преименува во улица „Јане Ангелевски";
- улицата „Маршал Тито" се преименува во улица „Македонија";
- улицата „29-ти Ноември" се преименува во улица „Брсјачка Буна";
- улицата „Велко Влаховиќ" се преименува во улица „Солунска".

Со член 3 од истата Одлука е определено дека Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Имајќи предвид дека од донесувањето на Одлуката се изминати повеќе од десет години, а старите називи на улиците и понатаму се во употреба, бараме да нѝ бидат доставени следните информации од јавен карактер и преписи од расположливата службена документација:

**1. Објавување и стапување во сила на Одлуката**

Бараме информација во кој број и на кој датум во Службен гласник на Општина Демир Хисар е објавена Одлуката бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година, како и информација за датумот на нејзиното стапување во сила.

Бараме и препис од релевантниот дел од Службениот гласник во кој е објавена Одлуката.

**2. Сегашен правен статус на Одлуката**

Бараме информација дали Одлуката бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година сè уште е во правна сила.

Доколку по нејзиното донесување Одлуката била изменета, дополнета, укината, поништена, ставена вон сила или нејзиното правно дејство било изменето со друг акт, бараме да ни̂ биде доставен препис од таквиот акт, со број, датум и назив на органот што го донел.

**3. Преземени активности за спроведување на Одлуката**

Бараме информација кои конкретни службени, правни и административни дејствија ги презела Општина Демир Хисар од стапувањето во сила на Одлуката до денес за нејзино спроведување.

Бараме преписи од расположливите:

- задолженија до општинските служби;
- службени дописи;
- известувања;
- налози;
- записници;
- службени белешки;
- правни мислења;
- планови или задолженија за реализација;
- други акти и документи поврзани со спроведувањето на Одлуката.

**4. Доставување на Одлуката до други надлежни институции**

Бараме информација дали Одлуката по нејзиното стапување во сила била доставена до други надлежни институции, органи, регистри или јавни служби заради внесување и примена на новите имиња на улиците во соодветните службени евиденции.

Доколку била доставена, бараме преписи од придружните дописи, известувања, потврди за прием и друга расположлива службена кореспонденција.

Доколку не била доставена, бараме информација дали постои службен документ во кој е евидентирана причината за тоа и, доколку постои, препис од истиот.

**5. Актуелна службена евиденција на имињата на улиците**

Бараме информација под кои имиња денес официјално се водат четирите улици опфатени со Одлуката бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година во службената евиденција/регистар на имиња на улици на Општина Демир Хисар.

Бараме поединечно да биде наведена актуелната состојба за:

1. „4-ти Јули" – со Одлуката преименувана во „Јане Ангелевски";
2. „Маршал Тито" – со Одлуката преименувана во „Македонија";
3. „29-ти Ноември" – со Одлуката преименувана во „Брсјачка Буна";
4. „Велко Влаховиќ" – со Одлуката преименувана во „Солунска".

Бараме и препис или извод од релевантниот дел од актуелната службена евиденција/регистар од кој може да се утврди официјалниот назив на секоја од наведените улици.

**6. Евентуални причини и пречки за неспроведување**

Доколку Одлуката стапила во сила и не била укината, поништена или изменета, а не е целосно спроведена, бараме да ни бидат доставени сите расположливи службени информации и преписи од документи од кои може да се утврди причината за нејзиното целосно или делумно неспроведување.

Особено бараме информација дали по донесувањето на Одлуката била констатирана:

- законска пречка;
- административна пречка;
- техничка пречка;
- финансиска пречка;
- негативно мислење или акт на друг надлежен орган;
- или друга службено евидентирана причина за неспроведување.

Доколку постои документ со кој е констатирана таква пречка или причина, бараме негов препис.

**Доколку во Општина Демир Хисар не постои службен документ или друга евидентирана информација со која е образложена причината за неспроведувањето на Одлуката, бараме и ова изречно да биде наведено во одговорот.**

**7. Надлежност за спроведување на Одлуката**

Бараме информација која организациска единица, служба, функционер или друго одговорно лице во Општина Демир Хисар било надлежно или задолжено за административното и фактичкото спроведување на Одлуката бр. 07-831/10.

Бараме информација и дали бил определен рок за нејзино спроведување и, доколку постои соодветен акт или задолжение, препис од истиот.

**8. Други одлуки за именување или преименување улици и нивното спроведување**

Бараме информација дали пред или по донесувањето на предметната Одлука Советот на Општина Демир Хисар донесувал други одлуки за именување или преименување улици кои биле фактички и административно спроведени.

Доколку постојат такви одлуки, бараме информација за:

- бројот и датумот на одлуката;
- улицата/улиците на кои се однесувала;
- датумот или периодот на нејзиното спроведување;
- службата или органот што ја спровел;
- актот или службената документација со која била започната или констатирана реализацијата.

Оваа информација ја бараме заради утврдување на службената и административната практика на Општина Демир Хисар при спроведување одлуки од ист или споредлив вид.

**9. Тековен статус и евентуални активности за спроведување**

Бараме информација дали во моментот постои започната постапка, службено задолжение, план, иницијатива, предвидени или обезбедени финансиски средства или друга активност за целосно спроведување на Одлуката бр. 07-831/10 од 31.10.2014 година.

Доколку постои, бараме препис од расположливата документација.

**10. Непостоење или поседување на информацијата од друг имател**

Доколку Општина Демир Хисар не располага со некоја од погоре наведените информации или документи, бараме тоа изречно да биде наведено во одговорот.

Доколку со конкретната информација располага друг имател на информации од јавен карактер, бараме по барањето да се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Датум:** 21.09.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-871/1, 17.09.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателите [redacted] поднесено на 17.09.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со правниот статус, превземените дејствија и спроведувањето на одлука за промена на имиња на улици во Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со правниот статус, превземените дејствија и спроведувањето на одлука за промена на имиња на улици во Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 17.09.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 17.09.2026 година под архивски број 18-871/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 21.09.2026 година, под бр. 18-871/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

_________________________

Игор Дамјаноски, раководител на
одделение за управување со човечки ресурси

## -ИНФОРМАЦИЈА-

1. Одлуката бр.07-831/10 од 31.10.2014 година е објавена во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.15/2014 од 05.11.2014 година а стапува во сила со денот на нејзиното објавување.

2. Одлуката не е променета, дополнета, укината, поништена или на друг начин ставена вон сила.

3. Превземени се следниве дејствија за спроведување на одлуката:

-Уште пред донесување на Одлуката, во 2012 година, Советот на Општина Демир Хисар утврди Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар бр.07-401/9 од 28.05.2012 година. Со допис до Владата на Република Македонија бр.12-479/1 од 07.06.2012 година, побарана е согласност за листата. Владата на Република Македонија дала согласност бр.41-477/1 од 26.06.2012 година за предлог-листата за определување на имиња на илици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во населените места и градот Демир Хисар и за Листата за определување на имиња на улици, плоштади и мостови и на други инфраструктурни објекти во населените места и градот Демир Хисар. Документацијата ви ја доставуваме во прилог.

-По донесувањето на предметната одлука, согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.224/24), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 311/20, 235/24 и 212/26), Општина Демир Хисар писмено се обрати до Централниот регистар на Република Македонија со допис бр.11-26/3 од 20.01.2015 година, со кој се бара упис на промена на назив на постоечки инфраструктурни објекти во Општина Демир Хисар, конкретно 4 (четири) улици во градот Демир Хисар. Документацијата ви ја доставуваме во прилог.

Добиен е одговор од Централниот регистар бр.08-147/2 од 26.01.2015 година, во кој се наведени причините поради кои во адресниот регистар не може да се евидентираат било какви промени на подрачјето на Општина Демир Хисар. Документацијата ви ја доставуваме во прилог.

4. Одлуката не е доставена до други институции, затоа што информацијата од Централен регистар била доволно концизна.

5. Согласно горенаведената состојба, во актуелната службена евиденција имињата на улиците се непроменети, односно ги носат имињата како и пред донесување на одлуката.

6. Причините и пречките за нејзиното неспроведување се погоре опишани.

7. Надлежност за нејзино спроведување е на Општина Демир Хисар.

8.Единствена одлука која е реализирана во врска со промена или именување на улици во Општина Демир Хисар, пред или по предметната одлука е Одлуката за определување на имиња на новоизградени неименувани улици во

населбата Демир Хисар бр.07-58/1 од 13.03.2001 година, согласно Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.12/95) и Статут на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.2/96), кои се вон сила од 2002 година. Документацијата ви ја доставуваме во прилог.

9. Што се однесува до тековниот статус и евентуални активности за спроведување на одлуката која е предмет на ваш интерес, истата ќе биде спроведена штом се создадат услови согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и процедурите за евидентирање во адресниот регистар на Централниот регистар на РСМ.

10. Сите информации кои се предмет на ваш интерес се во посед и надлежност на Општина Демир Хисар.

Во прилог ви ги доставуваме:

- Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар бр.07-401/9 од 28.05.2012 година,

-Заклучок бр.07-401/9 од 28.05.2012 година,

-Барање согласност бр.12-479/1 од 07.06.2012 година,

-Согласност од Владата на Република Македонија бр.41-477/1 од 26.06.2012 година,

-Достава на пријави за упис за промена бр.11-26/3 од 20.01.2015 година,

-Известување од Централен регистар на Република Македонија бр.08-147/2 од 26.01.2015 година и

-Одлука за определување на имиња на новоизградени неименувани улици во населбата Демир Хисар бр.07-58/1 од 13.03.2001 година.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------